РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**февруари, 2017 година**

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 10

Валутна структура ........ 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ........ 11

Буџетски расходи ........ 12

Буџетско салдо ........ 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 13

Плати ........ 14

Пензии ........ 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 16

Депозитен потенцијал ........ 16

Кредити на банките ........ 17

Каматни стапки на депозитни банки ........ 18

Пазар на капитал ........ 18

Девизни резерви ........ 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2017 година

- Индустриското производство во февруари 2017 година во споредба со февруари 2016 година забележа пад од 1,3%;

- Потрошувачките цени во февруари 2017 година се зголемија за 0,2% во однос на февруари 2016 година, по годишниот раст од 0,6% во јануари 2017 година;

- Во периодот јануари - февруари 2017 година извозот забележа раст од 10,8%, а увозот 14,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 26,9%, споредено со истиот период 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите два месеца од 2017 година изнесуваа 25.894 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 0,2% во однос на истиот период во 2016 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 29.568 милиони денари, што е за 2,4% помалку во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните кредити на банките во февруари 2017 година забележаа пад од 0,3% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 5,0%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во февруари 2017 година индустриското производство забележа пад од 1,3% во споредба со февруари 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 31,9%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележан пад од 4,9% односно 4,4%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во февруари 2017 година има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (2,5 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-2,2 процентни поена).




На кумулативна основа, индустриското производство во првите два месеца во 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа пад од 1,9%. Раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 19,5%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 6,0% и Преработувачка индустрија од 4,1%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во февруари 2017 година во однос на февруари 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Енергија од 17,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,2% и Капитални производи од 0,1%. Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,3% и Трајни производи за широка потрошувачка од 7,0%.

На кумулативна основа, во првите два месеца во 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите: Енергија од 11,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,8% и Капитални производи од 3,3%. Пад е

забележан кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,8% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,0%.

## Број на работници во индустријата




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во февруари 2017 година забележа раст од 0,4%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен од 1,0% и Преработувачка индустрија од 0,4%. Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,2%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите два месеца од 2017 година во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 0,4%. Раст е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 1,1% и Преработувачка индустрија од 0,4%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,4%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 4,9%, Капитални производи од 4,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,3% и Енергија од 0,9%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,4%.

На кумулативна основа, во првите два месеца од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 5,0%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,8% и Енергија од 0,8%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2017 година е понеповолна во однос на јануари 2017 година, а поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 65,1%, што претставува намалување во однос на јануари 2017 година, кога изнесувало 65,5%. Споредено со истиот месец 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,8%, недоволната домашна побарувачка со 19,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 18,3%, неизвесното економско окружување со 13,4%, финансиските проблеми со 8,1% и конкурентниот увоз со 5,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари во однос на јануари 2017 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, додека залихите на готови производи се намалени во однос на претходниот месец.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2017 година издадени се 363 одобренија за градење, што претставува годишен раст од 8,4%. Споредено со јануари 2017 година, кога биле издадени 368 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 1,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари бележи раст од 8,5% во однос на февруари 2016 година. На месечно ниво, вредноста на објектите се зголемила за 21,1%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 265 (или 73,0%) се наменети за објекти од високоградба, 25 (или 6,9%) за објекти од нискоградба и 73 (или 20,1%) за објекти за реконструкција.







Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 363 издадени одобренија за градба, на 280 објекти (или 77,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 83 објекти (или 22,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Во февруари 2017 година предвидена е изградба на 705 станови, со вкупна корисна површина од 72.177м². Бројот на предвидени станови за изградба во однос на претходниот месец е зголемен за 40,2%, а во однос на истиот месец 2016 година е намален за 16,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари 2017 година се зголемија за 0,2% во однос на февруари 2016 година, по годишниот раст од 0,6% во јануари 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-февруари 2017 година изнесува 0,4%.

Највисок годишен раст на цените во февруари 2017 година е забележан во категоријата Транспорт од 5,3%, следена со порастот на цените во категориите: Комуникации од 5,0%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8%, Ресторани и хотели од 2,9%, Облека и обувки од 2,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,5% и Рекреација и култура од 0,3%.




Највисок годишен пад на цените во февруари 2017 година е забележан во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци од 2,3%, при што највисок пад имаа цените на зеленчукот (за 14,2%) и овошјето (за 6,6%).

Годишен пад на цените во февруари е регистриран и во категориите: Здравје од 1,3%, Останати стоки и услуги од 0,5% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование од по 0,3%.




Потрошувачките цени во февруари 2017 година се намалија за 0,5% во однос на претходниот месец. Намалување на цените е забележано во категориите: Транспорт од 3,6%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,2%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Образование од 0,1%.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Комуникации од 3,4%, Здравје од 0,9%, Ресторани и хотели од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување

на покуќнина и Облека и обувки од по 0,5% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Рекреација и култура останаа непроменети.

Цените на мало во февруари 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,3%, додека на месечно ниво цените на мало се намалија за 0,6%. Цените на мало во периодот јануари-февруари 2017 година се зголемија за 1,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2017 година споредено со јануари 2017 година се зголеми за 1,1% и изнесуваше 55,5 долари за барел. Во однос на истиот месец претходната година, цената на нафтата бележи раст од 67,1%. Цената на природниот гас во февруари, споредено со претходниот месец се намали за 2,1%.




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во февруари 2017 година се тргуваше со просечна цена од 10.643 долари за еден метрички тон ($/мт) и во споредба со јануари 2017 година бележи раст на цената од 6,7%. На годишна основа, цената на никелот се зголемила за 28,3%. Покрај никелот, месечен раст на цената во февруари забележаа и останатите основни метали, освен калајот, чијашто цена се намали за 6,0%. Така, цената на цинкот порасна за 4,8%, на алуминиумот за 3,9%, на бакарот за 3,2% и на оловото за 3,1%.




Во февруари, и благородните метали забележаа зголемување на цените на месечна основа.

Така, цената на среброто се зголеми за 6,1%, на платината за 3,8% и на златото за 3,5%.

Цената на пченката на светските берзи во февруари, споредено со претходниот месец, се зголеми за 1,8%, а на пченицата за 1,3%. Цената на јагнешкото месо во февруари, во однос на јануари 2017 година, се зголеми за 1,3%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите два месеца од 2017 година изнесува 1.656,2 милиона евра, што претставува раст од 13,0% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – февруари 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,3%, што претставува намалување од 2,6 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - февруари 2017 година вредноста на извезените стоки изнесува 702,8 милиони евра и бележи раст од 10,8% (68,7 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 3,1%.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2017 година изнесува 378,1 милион евра и бележи раст од 9,3% (32,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 5,8%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2017 година извозот бележи раст од 16,4% (53,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 3,7%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и

отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 50,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – февруари 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има само кај групацијата Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 11,1% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 10,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 83,8% и 9,5% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – февруари 2017 година изнесува 953,4 милиони евра и бележи раст од 14,6% (121,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 7,0%.

Вредноста на увозот во февруари 2017 година изнесува 511,2 милиона евра, што претставува раст од 7,1% (33,7 милиони евра) во однос на истиот месец 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 21,7%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2017 година увозот бележи раст од 15,6% (69,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 3,2%.




Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,6 | 14,4 | 7,8 | 118,7 |
| Мил. ЕУР | 2,7 | 7,2 | 4,5 | 169,7 |
| Мил.$ | 2,9 | 7,6 | 4,7 | 161,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 177,0 | 130,1 | -46,9 | -26,5 |
| Мил. ЕУР | 42,7 | 59,9 | 17,2 | 40,3 |
| Мил.$ | 47,0 | 63,6 | 16,6 | 35,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,0 | 3,2 | 1,2 | 59,1 |
| Мил. ЕУР | 134,9 | 159,6 | 24,8 | 18,4 |
| Мил.$ | 148,4 | 169,6 | 21,3 | 14,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,8 | 3,8 | 0,0 | 0,5 |
| Мил. ЕУР | 25,7 | 27,7 | 2,0 | 7,7 |
| Мил.$ | 28,4 | 29,5 | 1,2 | 4,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 80,9 | 97,5 | 16,6 | 20,5 |
| Мил. ЕУР | 52,4 | 65,4 | 13,0 | 24,8 |
| Мил.$ | 57,6 | 69,5 | 11,8 | 20,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2016 | I - II - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 121,6 | 59,0 | -62,6 | -51,5 |
| Мил. ЕУР | 43,0 | 30,0 | -13,0 | -30,2 |
| Мил.$ | 47,3 | 31,9 | -15,4 | -32,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите два месеца од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 26,9% односно 53,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.




Во февруари 2017 година трговскиот дефицит се зголеми за 1,1% односно 1,5 милиони евра споредено со февруари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на проширувањето на негативното салдо во размената со: горива и мазива, храна и пијалаци, стоки за инвестиции без транспортна опрема и индустриски набавки, како и на стеснувањето на позитивното салдо во размената со: транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – февруари 2017 година 96,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Јужна Африка, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Русија, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,8% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,3% и 81,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,7 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 1,8 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2016 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - II - 2016 | | | | | I - II - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 457,4 | 659.567.625 | 61,6685 | 40.674.546.098 | 79,3 | 490,8 | 772.999.665 | 61,5550 | 47.581.994.371 | 81,1 | 113.432.040 | 17,2 |
| УСД | 305,5 | 178.317.446 | 56,1688 | 10.015.876.983 | 19,5 | 218,4 | 184.047.768 | 57,9216 | 10.660.341.203 | 18,2 | 5.730.322 | 3,2 |
| ГБП | 0,9 | 2.574.513 | 80,8466 | 208.140.600 | 0,4 | 0,8 | 2.985.619 | 71,7983 | 214.362.403 | 0,4 | 411.107 | 16,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 763,9 | | | 50.898.563.681 | 98,8 | 710,0 | | | 58.456.697.977 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 765,9 | | | 51.291.157.095 | 100,0 | 712,0 | | | 58.694.507.497 | 100,0 | | 14,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во првите два месеца од 2017 година изнесуваа 25.894 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува раст од 0,2% во однос на истиот период од 2016 година.




Даночните приходи во периодот јануари – февруари се реализирани во износ од 14.813 милиони денари, односно 2,3% од БДП и во однос на истиот период од 2016 година се зголемени за 1,3%.

Данокот на додадена вредност во овој период е остварен во износ од 7.889 милиони денари, што претставува зголемување од 1,9% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 53,3%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележа поголемо остварување за 11,6% додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 7,1%. ДДВ од донациите, чие учество е незначително, забележа раст од 111,9%

Акцизите се остварени во износ од 2.657 милиони денари (учество од 17,9% во даночните приходи) и бележат намалување од 7,4% споредено со минатата година. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 10.546 милиони денари, односно 71,2% од вкупните даночни приходи (1,7% од БДП).

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 2.153 милиони денари и забележуваат раст од 5,8% на годишна основа, при што 2/3, односно 67,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 5,9% од приходи од капитал, 4,3% од приходи од имот и имотни права и 1,0% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој двомесечен период од 2017 година изнесуваа 1.276

милиони денари и забележаа раст од 8,4% во однос на истиот период претходната година, што главно се должи на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 27,3%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 42,9%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 41,6%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 758 милиони денари и забележаа зголемување од 6,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 80 милиони денари забележаа помало остварување за 13% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 7.897 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,2% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 6,5%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,4% и кај придонесите за вработување за 5,3%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 2.516 милиони денари и во однос на истиот двомесечен период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 1,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 89 милиони денари, што претставува намалување од 83,2% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 407 милиони денари, односно за 15,4% помалку во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари – февруари 2017 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 29.568 милиони денари, односно 4,7% од БДП, што е помалку за 2,4% во однос на истиот период 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 26.696 милиони денари учествуваа со 90,3% (учество од 4,2% во БДП) и се намалени за 6,5% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 4.389 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот, изнесува 14,8% и во однос на 2016 година се зголемени за 3,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.120 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 15,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 19.066 милиони денари (3,0% од БДП). Средствата за трансфери забележаа помала реализација за 8,4% споредено со истиот период во 2016 година и учествуваа со 64,5% во вкупните расходи. Средствата за социјални трансфери изнесуваа 15.145 милиони денари, забележаа раст од 0,4% и учествуваа со 51,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско

осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 9.492 милиона денари, се намалија за 0,3%, споредено со истиот двомесечен период од 2016 година и учествуваат со 32,1% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,4%, односно забележаа помала реализација за 33,3%, споредено со истиот период од 2016 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 2.521 милион денари забележаа зголемување од 0,6%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 70,1% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 1.121 милион денари, што е за 14,4% повеќе во споредба со истиот период во 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 31,1%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 5,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 2.872 милиона денари со структурно учество од 9,7% во вкупните расходи (0,5% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 64,1% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во првите два месеца од 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 3.674 милиони денари, што претставува 0,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.933 милиони денари и претставува 0,5% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – февруари 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 29.001 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 8,1% во однос на истиот период од 2016 година.




Од вкупниот број нововработени, 37,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски

работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во февруари 2017 година 21,6% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 201.994, од кои 105.416 се активни баратели на работа, а 96.578 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,0%.




Најголем дел од невработените лица (67,0%) се градско население, а според половата структура 58,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,7% се со завршено средно образование, додека 14,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2017 година оствари годишен раст од 2,2%, а во однос на претходниот месец е пониска за 3,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (9,4%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (4,6%) и Рударство и вадење камен (4,2%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 1,6%.




Просечната номинална бруто-плата во јануари 2017 година оствари годишен раст од 2,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,7%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните

сектори: Информации и комуникации (9,2%), Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (5,0%) и Административни и помошни услужни дејности (4,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,8%.




Процентот на вработени што не примиле плата во јануари 2017 година изнесува 1,0% и е непроменет во однос на истиот месец претходната година, а е понизок за 0,6 п.п. во однос на декември 2016 година.

## Пензии

Во февруари 2017 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 300.752 пензионера, што претставува зголемување од 0,2% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 3.712 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,5% се корисници на старосна пензија, 25,0% се корисници на семејна пензија и 12,5% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2017 година изнесува 13.785 денари и е повисока за 5,5% во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 60,2%.




Просечната старосна пензија во февруари изнесува 15.116 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.498 денари, а просечната семејна пензија 11.099 денари. За исплата на пензиите во февруари 2017 година се потрошени 4.118,62 милиона денари, што претставува 55,6% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во февруари 2017 година, Народна банка на Република Македонија повторно ја намали основната каматна стапка за дополнителни 0,25 п.п., од 3,50% на 3,25%, откако и претходно ја намали во јануари 2017 година. Ваквото намалување се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во февруари 2017 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 12,0% на годишна основа, во услови на раст на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 14,3% и 9,7%, соодветно.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 4,0%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек од 7,6% и 0,7%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во февруари 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 3,1%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,3%.

Од аспект на валутата, во февруари 2017 година, споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 0,5%, додека депозитите во странска валута се намалија за 1,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2017 година оствари раст од 5,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 4,1% и 6,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата и домаќинствата овој месец бележат раст од 7,9% и 2,8%, соодветно.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 2,8%, а долгорочните депозити за 5,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,7%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **318.594** | **-0,4%** | **5,0%** |
| Денари | *186.903* | 0,5% | 4,1% |
| Странска валута | *131.692* | -1,6% | 6,3% |
| Краткорочни | *152.755* | -1,3% | 2,8% |
| Долгорочни | *86.828* | 0,2% | 5,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **276.721** | **-0,5%** | **-0,3%** |
| Денари | *228.176* | *-0,3%* | 2,7% |
| Странска валута | *48.544* | -1,1% | -12,4% |
| Краткорочни | *60.870* | -1,0% | -2,7% |
| Долгорочни | *197.566* | 0,4% | 8,3% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *16.794* | -7,9% | -43,9% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во февруари 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,5% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во февруари кредитите кон претпријатијата се намалија за 1,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,4%. Од аспект на валутата, во февруари 2017 година, денарските и девизните кредити регистрираа пад на месечно ниво од 0,3% и 1,1%, соодветно.

На годишна основа, во февруари 2017 година вкупните кредити се намалија за 0,3%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 6,1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 6,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 2,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 12,4%.




Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,3%, а краткорочните кредити се намалија за 2,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,1% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити останаа непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,4% и 5,1%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари изнесува 1,7% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,3%, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,9% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во февруари 2017 година регистрираше раст од 44,1% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 1,8 пати (182,5%), како и зголемувањето на прометот од класичното тргување за 5,4%.




Вкупниот промет на берзата во февруари 2017 година изнесуваше 402 милиона денари што претставува зголемување за 2,2 пати (222,8%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во февруари 2017 година изнесуваше 2.296,91 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 3,0%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 27,1%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2017 година изнесуваа 2.563 милион евра и во однос на претходниот месец зголемени се за 5,9 милиони евра, додека во однос на февруари 2016 година за 309,6 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk